Врз основа на член 191 став 2, 3 и 4 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава јавната установа за деца - детска градинка и износот на надоместок на трошоците за престој во установата за деца, што паѓа на товар на родителите (Сл. Весник на РСМ бр. 66/03 и 78/04), Предлог одлуката за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „АСТИБО" Штип број 02-292/3 од 15.12.2025 година, Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој во установата за деца што паѓа на товар на во ОЈУДГ„АСТИБО„Штип од Советот на Општина Штип број 08-8820/1 од 29.12.2025г. и член 32 став од Статутот на ОЈУДГ „АСТИБО" Штип, Управниот одбор на ОЈУДГ „АСТИБО" Штип на седницата одржана на 16.01.2026 година донесе:

# ПРАВИЛНИК

## За утврдување нормативи, мерила и критериуми за цените и услугите што ги дава ОЈУДГ „АСТИБО" Штип за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓа на товар на родителите

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува месечниот износ на цените и услугите што ги дава јавната установа за деца - детската градинка и износот на надоместокот на трошоците за престој на децата, што паѓа на товар на родителите како и нормативи, мерила и критериуми за утврдување на висината на надоместокот.

### Член 2

**Цена на услугите**

Износот на надоместокот на трошоците за престој во ОЈУДГ „АСТИБО" Штип што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги се утврдува фиксно месечно по дете и тоа:

1. За програма за целодневен престој - за дете до 6 години живот................2.000,оо денари
2. За престој и исхрана на дете над 6 до 10 години возраст..........................2.000,оо денари
3. За престој на дете до 5 работни дена според прозивникот ................1.000,оо денари
4. Згрижување на дете на 1 час ....................................................................................................82,00 денари
5. Материјални трошоци за чување на место ......................................................................... 700,00 денари

Износот од став 1 ќе се усогласува еднаш годишно, со донесување на Одлука за усогласување на цената на услугите што ги дава ОЈУДГ „АСТИБО" Штип, според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и просечно исплатената плата на сите вработени во Република С.Македонија во висина од 50%, согласно следната формула:

$$И^1 = И^0 \text{ x } (0.5 \text{ x ГИТЖ} + 0.5 \text{ x ПП})$$

$И^0$ = основен износ (2.000 денари зависно од програмата)

ГИТЖ = годишен индекс на трошоци на живот во однос на претходната година (изразен како процент)

ПП = пораст на просечно исплатената нето плата по вработен во однос на претходната година (изразен како процент)

$И^1$ = износ за усогласување

$И^1$ (износ за усогласување) ќе се додава на моменталната цена и добиената усогласена цена ќе претставува износот на надоместокот на трошоците за престој во ОЈУДГ „АСТИБО" Штип што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги месечно по дете.

Добиената усогласена цена ќе претставува $И^0$ (основен износ) за следните усогласувања.

Одлуката за усогласување на цената на услугите што ги дава ОЈУДГ „АСТИБО" Штип ќе биде составен дел на овој Правилник.

Општинската јавна установа за деца – детска градинка „АСТИБО" Штип е должна да ги извести родителите за секое усогласување на цените преку Огласна табла и преку социјалните мрежи/веб страната на градинката.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2026 година, односно за сметката за присуство на детето во месец јануари 2026 година, која корисниците ќе ја добијат во месец февруари 2026 година.

16.01.2026 год.,Штип

ОЈУДГ„АСТИБО„Штип

вд.директор ИЛИЈА МИТРОВ

____________________